РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-781/4
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-781/1 од 16.02.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневања за злоупотреба на службената положба и овластување, несовесно вршење на функцијата директор во СЕПУГС „--------- -----------“ --------- како и ненаменско трошење на јавните средства, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што не се потврдени пријавените наводи.

Предметот со број 12-781/1 од 16.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 16.02.2026 година, доставена е пријава против лицето Блерим Зекири директор во СЕПУГС „--------- -----------“ ---------, поради сомневања за злоупотреба на службената положба и овластување, несовесно вршење на функцијата директор како и ненаменско трошење на јавните средства.
Во пријавата е наведено дека од страна на пријавеното лице за потребите на училиштето било ангажирано надворешно лице - Адвокат --------- ------------, на кое му било исплатено за услуги за правна помош во големи износи, а со што според подносителот на пријавата била нанесена штета на буџетот на општината.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК побара од СЕПУГС „--------- -----------“ --------- да достави информација и документација по однос на реализација на договорните обврски на договорите склучени

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

помеѓу СЕПУГС „--------- -----------“ --------- и адвокатот за периодот во 2024 и 2025 година, како и за реализираните исплати по основ на истиот договор.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и од увидот во целокупната документација по предметот, констатирано е следното:

- СЕПУГС „--------- -----------“ --------- склучил договор за правно застапување со адвокат Наташа Ѓореска во согласност со член 23 став 3 точка д, ѓ, з и ј од Законот за јавните набавки, согласно кој одредбите на овој закон не се преименуват на наведените услуги, како и врз основа на донесени Одлуки од страна на Директорот на предметното училиште за ангажирање на лице за давање на правни услуги за 2024 и 2025 година, поради неопходноста од користење на правни услуги за тековното работење на училиштето. Времетраењето на договорите биле со важност од една година сметано од денот на нивното склучување и потпишување од страна на двете договорни страни, а плаќањето да се врши по извршена услуга согласно адвокатски тарифник.

-Во склучените договори уредени се меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со вршење на услуги и тоа: услуги за правно застапување на странки од страна на адвокат во тековни и идни постапки, услуги за правно советување што ги дава адвокатот при подготовка за било која постапка и други правни услуги кои се поврзани со вршење службени овластувања и договори за вработување.

Во член 5 од Договорот предвидено е начинот на плаќање да биде по достава на фактура за реализирани услуги во рок од 30 дена од приемот на истата зголемена за 18 % ДДВ, со оглед на тоа дека давателот на услугите е ДДВ обврзник како и дека услугата ќе се смета за реализирана по достава на Извештај за реализирани услуги, потпишан од двете страни.

- Исплатените средства за правно застапување со адвокат, биле реализирани по однос на договорите од 07.12.2023 и договор од 31.12.2024 година, во вкупен износ од 252.495, 00 денари за 2024 година и 241.437,00 денари за 2025 година. (*видно од приложените аналитички картици и банкарски изводи*).

-Од страна на ангажираното лице, согласно одредбите од склучените договори, биле изготвени и доставени фактури со опис на извршени услуги со пропратна документација, а реализацијата на договорните обврски се одвивала согласно договорениот рок и динамика, додека пак исплатите на истите се вршеле по доставен извештај и фактура за извршените услуги.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека не се потврдуваат пријавените наводи по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц.,Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar